SC
BL

**Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва**

Скопје, 26.09. 2017

**Во рамките на Проектот одржана и Меѓународна конференција за стечај и ликвидација**

На 25 и 26 септември 2017 година, во Скопје, одржана е првата Меѓународна конференција за стечај и ликвидација. Организатор на Конференцијата е "Проектот за зајакнување на административните капацитети за имплементација на правната рамка за стечај и ликвидација на трговски друштва", што се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија, а се остварува во рамките на Министерството за економија.

На отворањето на Конференцијата во чија работа учествуваа експерти од ЕУ, регионот и од земјава, поздравни обраќања тим лидер на проектот Красин Димитров, министерот за економија Крешник Бектеши и амбасадорот на Европската Унија Н.Е Самуел Жбогар.

Конференцијата, според зборовите на тим лидерот Красин Димитров, претставува заокружување на проектните активности реализирани во текот на изминативе 17 месеци – првин на направената анализа за пропустите во законската регулатива во однос на европското законодавство во доменот на стечајот и ликвидацијата во која е укажано на редица слабости и пропусти кои претставуваат пречка за ефективно и ефикасно имплементирање на законската рамка. За сето детално е дебатирано на бројните советувања и тркалезни маси на кои, на наше големо задоволство, учествуваа околу петстотини претставници на релевантни институции.



Кога станува збор за целите на оваа Конференција, мислам дека сите ќе можеме да бидеме задоволни доколку изнесените согледувањата се најдат на дневен ред на работната група што ќе ја формира Министерството за економија со цел измена и подобрување на законската рамка за стечај, истакна Димитров.

Самиот факт што Проектот се реализира во рамките на Министерството за економија, истакна министерот Крешник Бектеши, ја наметна потребата уште од самиот почетокот, редовно и со внимание да ги следиме навистина бројните стручни едукативни и комуникациски проектни активности – од советувањата за стечајните постапки и ликвидацијата, бројните обуки и пригодните настани - се до тркалезните маси на кои опсежно е дебатирано за примената на постојната законска регулатива.

Уверен сум дека од овие активности, освен Министерството за економија, придобивка ќе имаат бизнис секторот и целото стопанство, потенцира Бектеши. Затоа би сакале да одиме и понатаму, кон предлози за натамошни проектни поставувања во овој домен, со цел имплементирање на новите, актуелни европски уредби. Искрено, нагласи Бектеши, би сакал да се надевам дека досегашната, за нас исклучително значајна поддршка на Епропската унија, ќе продолжи и понатаму. Тоа ќе биде од извонредно значење и затоа што во дебатите водени на советувањата и на тркалезните маси беа утврдени бројни, разнообразни проблеми во примената за законските одредби. Освен тоа, се предлага и развој на сегашната регулатива за вон судското спогодување, како една од формите за превенција на стечај и рано решавање на финансиските проблеми на трговските друштва. Вон судското спогодување треба во поголем степен да се интегрира во законската рамка за стечај и тоа во случаите на реорганизација или ликвидација. Оваа измена, смета Бектеши. се очекува да има позитивно влијание врз целокупната законска постапка,




Министерот истакна и дека верува во поддршката на Европската унија за модернизација на правната рамка за инсолвентност, со нов пристап и фокус кон реструктурирањето на фирмите наместо нивна ликвидација и дека во оваа насока ќе се настојува Македонија да ги следи и овие, но и европските насоки за зголемување на свеста за значењето на раното предупредување и навременото започнување на реструктуирањето, за надминување на инсолвентноста и спасување на работните места, за зачувување на вредноста на имотот, а со тоа и на иднината на компаниите.

Влезот и излезот од пазарот се во срцето на економскиот живот и се основни за соодветно функционирање на пазарите. Доколку законите за влез и излез на пазарот се комплексни, а институциите се слабо кадровски екипирани и неефективни, ниту најдобрите правила од книгите нема да помогнат, истакна во своето обраќање евроамбасадорот Самуел Жбогар, нагласувајќи дека зајакнатата предвидливост и комерцијалните односи со компаниите се затоа мошне значајни.

Евроамбасадорот Самуел Жбогар посочи дека во Европската унија секојдневно преку 600 компании банкротираат и оти половина од сите бизниси во ЕУ не успеваат да ги преживеат првите пет години од нивното постоење. Тој нагласи дека излезот од пазарот има негативни последици за економијата и општеството и предизвикува загуба на работни места и знаења.



Од таму, тенденцијата да се модернизира правната рамка за излез од пазарот има за цел да се зголеми оправувањето на компаниите. Доколку навреме се почне со реструктуирање на компанијата повисоки се шансите тоа да биде успешно и доверителите да имаат поголем поврат. На тој начин им се дава шанса и на вработените и на сопствениците да бидат спасени и да дадат позитивен придонес во економијата, рече Жбогар.

Во изминатите неколку години, нагласи Жбогар, Извештајот за напредокот на Македонија ги препозна подобрувањето во основање на компании, но се уште под прашање е излезот од пазарите. Прецизира дека ЕУ на Министерството за економија му врачи 1,3 милиони евра за помош за подобрување на правната рамка за напуштање на пазарот. Мерките што неодамна ги претстави Владата за економски раст предвидуваат и помош за реструктуирање на компании наместо нивна ликвидација. Тоа е согласно помошта што ЕУ и ја даде на земјава и ни дава доверба дека ќе имаме вистински реформи за раст и зачувување на работните места, потенцира Евроамбасадорот Самуел Жбогар.

Во работата на Конференцијата учествуваа експерти од земјава, од Србија, како и од земјите на ЕУ - Хрватска, Словенија и Финска. Претставени се законските решенија во доменот на стечајот и ликвидацијата и функционирањето на институциите задолжени за нивна имплементација. Заклучоците од конференцијата, заедно со препораките од проектот, како и од бизнис заедницата, ќе бидат доставени на

разгледување на работната група што ќе ја формира Министерството за економија за измена и подобрување на законската рамка за стечај.